ПУЛС, СКОПЈЕ, 3, 32.

Изложби

# ЕКСПЕРИМЕНТАЛНА ИМАГИНАЦИЈА

**(Соработка во монотипија, II, Музеј на современа уметност)**

Викторија Васева–Димеска

Изложбата СОРАБОТКА ВО МОНОТИПИЈА II, отворена минатата недела во просторите на Музејот на современата уметност во Скопје, како теоретски (апсолвирано во текстот на каталогот), така и практично, со самите експонати, ни ги посочи новите моменти и можности што ги нуди монотипијата.

Изложбата е концентрирана од 19 автори застапени со вкупно 28 дела, а сите произлезени од графичката работилница на Гарнер Талис, човек кој што со целосно разбирање, ентузијазам и љубов кон оваа дисциплина придонесе во голема мера за развојот на американската графика и стана еден од битните фактори на уметничкиот живот во Санта Барбара каде што се наоѓа Студиото.

Додека Европа целосно се залагаше за графичката продукција. Америка неколку декади даваше отпор кон сето она што претставува „репродуктивен медиум", за во шеесетите години литографската работилница „Тамаринд" за прв пат да понуди еден нов вид соработка, поврзувајќи ја современата технологија со европската традиција.

Гарнер Талис го надминува традиционалниот приод кон графичката дејност разбудувајќи ја кај авторот имагинацијата поттикната со самиот систем на работата каде што експериментот има примарна улога. Постојано по неизвесните патишта на истражување, Талис, со помош на една група познати автори собрани околу ова Студио дојде до некои нови сознанија во процесот на изработката на самата хартија, експериментирајќи со нови влакна ну поинакви хемиски процеси.



Еден од најпознатите автори на оваа изложба е секако Сем Френсис, којшто автентично ја доловува атмосферата во оваа работилница: „Односот меѓу уметниците и соработниците во графичката работилница е крајно креативен, соработката е интензивна, а животот во неа е исполнет со неочекувано непредвидено, со неизвесно...

Овој приказ на еден од „графичките простори" на Америка, ни дава добра лекција како се создава успешна и квалитетна графика и тоа со целосно разбирање, умеење, техничка опременост, респектирање на материјалот и графичката вокација, како и со навлегување во клетките на авторовата мисла и ликовниот збор, за да му се овозможи дефинитивна реализација на идејно–ликовниот концепт. ■